СЛИКА
ЗА
ВАШИОТ
ДОМ

# ТРАДИЦИОНАЛНА ОСМОМАРТОВСКА ЛИКОВНА ИЗЛОЖБА

# КОСТА ХАЏИ АНТОНОВСКИ

СЛИКАР ОД БИТОЛА



...Креативниот порив на Коста Хаџи Антоновски
во содејство со исконската арабеска и
мошне интензивната лирско експресивна
палета, создава прекрасна, сонетна при-
казна за цвеќето, од која извира и
возвишената химна за убавината,
нежноста, љубовта... химна за ху-
маноста...

Шо[illegible]

**Коста Хаџи Антоновски** е роден во Битола на 22 мај 1935 год. Школа за применета уметност заврши во Скопје во 1958 год. во класата на професор Лазар Личеновски.

Дел од настанатите дела се наоѓаат во повеќе приватни збирки во земјата и странство, од кои едно се наоѓа и во Југословенската амбасада во Атина.

**Самостојни изложби:** во Битола, Тузла, Живинице, Демир Хисар, Бановиќи, Скопје, Крагуевац, Марибор, Ресен, Прилеп, Куманово и Атина, а колективно во Белград, Суботица, Епинал и други места со битолските уметници.

**НАГРАДИ:** Наградата „4 Ноември“ на град Битола, втора откуп на награда на галеријата во Битола, Републичката награда „Климент Охридски“, наградата „Кирил и Методиј“, Повелбата од СУБНОР на Б и Х, наградата од ликовните педагози на Југославија, наградата од воздухопловниот сојуз на Југославија, златна плакета од Костањевица на Крка, спомен-плакета на градот Загреб и голем број награди и благодарници од големите детски ликовни центри во земјата и странство. Неговата ликовна секција, што ја водел до минатата година е добитник на високи награди. Меѓу поважните се: Сојузната плакета „Курир Јовица“, Златната плакета на „Дечје Новине“, скулптурата „Партизански курир“ од Сојузниот секретаријат за народна одбрана, наградата „4 Ноември“, плакетата 4 јули од СУБНОР на Југославија и други.

СЛИКА
ЗА
ВАШИОТ
ДОМ

**СВЕЧЕНО ОТВОРАЊЕ ПЕТОК 6 МАРТ 1981 ГОДИНА ВО 18 ЧАСОТ ВО ЛИКОВНИОТ САЛОН НА ДЛУБ СПРОТИ БЕЗИСТЕНОТ БИТОЛА**

ПОКРОВИТЕЛ:

СТОПАНСКА
БАНКА
БИТОЛА